РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3267/1
03-09-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата и чл. 4 од Упатството за рангирање на предметите за постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата по основ на доставени пријави, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 51-та седница одржана на 31.08.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата на /// /// од /// доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-4117/1 од 02.12.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека друг орган е надлежен да постапува по наводите во погоре наведената пријава на подносителот.

Предметот со архивски број 12-4117 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-4117/1 од 02.12.2020 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// /// од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во поднесената пријава се искажува незадоволство од донесени судски одлуки на /// /// во ///, /// /// во /// и /// /// /// /// /// ///, по судски спор, којшто подносителот го водел против ///, по основ на надомест на штета, заради намалена работна способност,

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

предизвикана од повреда на работно место, од настанат несреќен случај. При тоа, подносителот дава образложение на околностите под кои го водел судскиот спор, опишувајќи го несреќниот случај, заради кој дошло до повреда на работното место, поради која останал со намалена работна способност. Од Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) побара да го испита постапувањето на судовите во неговиот случај и да ги утврди мотивите за донесените судски одлуки согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази.

По извршениот увид во наводите на пријавата и доставените докази, ДКСК констатира дека за конкретниот случај сите надлежни судови донеле одлуки од своја судска надлежност. Од тие причини, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), ДКСК не утврди елементи за нејзино надлежно постапување по пријавата на подносителот, затоа што согласно со чл. 36 ст. 1 а. 15 од Законот за судскиот совет на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19): *"Судскиот совет на Република Северна Македонија е надлежен да: постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите"*. Оттаму, ДКСК оцени дека друг орган е надлежен да постапува по наводите од пријавата на подносителот, предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК
- Подносителот на пријавата

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: С. П. Д., член на ДКСК